Уп. бр.08-45

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од САТО Друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на Водоводна улица 2, Забок (град Забок), Република Хрватска, преку полномошник Александар Новакоски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.04.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која САТО Друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на Водоводна улица 2, Забок (град Забок), Република Хрватска, стекнува самостојна контрола над Акционерско друштво Печатница КИРО Д. ДАНДАРО Заштитно друштво Битола, со регистрирано седиште на Баница бр.3, Битола, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 03.03.2023 година, а дополнето на 14.03.2023 година, 21.03.2023 година и на 30.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на САТО Друштво со ограничена одговорност за услуги, со регистрирано седиште на Водоводна улица 2, Забок (град Забок), Република Хрватска (во понатамошниот текст: САТО Д.О.О.), со која САТО Друштво со ограничена одговорност за услуги стекнува самостојна контрола над Акционерско друштво Печатница КИРО Д. ДАНДАРО Заштитно друштво Битола (во понатамошниот текст: АД КИРО ДАНДАРО), со регистрирано седиште на Баница бр.3, Битола, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**САТО Д.О.О.** е друштво кое е активно во дејностите: компјутерски и сродни дејности, размножување снимени записи, поправка и одржување канцелариски машини и опрема и услуги на фотокопирање.

САТО Д.О.О. со ограничена одговорност за услуги нема активности и нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

**АД КИРО ДАНДАРО** е друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија и истото е активно на пазарот за флексибилна амбалажа, наменети за пакување на производи од прехрамбената, хемиската, фармацевската индустрија.

АД КИРО ДАНДАРО е активно на пазарите во Република Северна Македонија и во странство и истото нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**